Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 90, 15 октомври 2012 година

октомври 2012 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во наставно-научната област претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област/поле економски науки и менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област/поле туристичка политика на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........15

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по мултимедија“ од авторите д-р Александра Милева и м-р Доне Стојанов, Факултетот за информатика, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........21

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Селекција и семепроизводство“ од авторот доц. д-р Драгица Спасова, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........23

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало / скрипта „Вовед во џез теорија 1“ од доцент м-р Сашо Поповски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........25

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало / скрипта „Вовед во џез теорија 2“ од доцент м-р Сашо Поповски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........27

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........29

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „СЕЛЕКЦИЈА И СЕМЕПРОИЗВОДСТВО“ ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ДРАГИЦА СПАСОВА, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет, бр. 1802-209/19 од 3 септември 2012 година, е формирана Рецензентска комисија во состав:

– д-р Верица Илиева, редовен професор на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и
– д-р Милан Ѓорѓиевски, доцент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип,

со задача да изготви и достави писмен извештај – рецензија на ракописот за скриптата „Селекција и семепроизводство“, поднесен од авторот доц. д-р Драгица Спасова од Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија во горенаведениот состав, по добивањето и деталното прегледување на материјалот, го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Материјалот кој е опфатен во скриптата е во согласност со Наставната програма по предметот Селекција и семепроизводство, кој според студиската програма на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се изучува во шестиот семестар, со неделен фонд на часови 2+2+2.

Материјалот е презентиран на 157 страници, во 18 тематски поглавја и повеќе потпоглавја, и содржи 11 табели, 11 слики и 20 шеми. Во првото поглавје - Вовед е дефинирана селекцијата како наука и накратко се изнесени задачите и значењето на селекцијата. Во истото поглавје авторот дава приказ на центрите на потеклото на културните видови и на развојот на селекцијата кај нас. Во следните три поглавја се дадени некои од теоретските основи на селекцијата, како: почетен материјал во селекцијата, размножување на растенијата и својство, генотип и фенотип. Понатаму, во одделни поглавја авторот ги изнесува методите кои се применуваат во селекцијата и создавањето на нови сорти кај културните видови растенија. Во посебно поглавје се дадени типовите на сорти и нивните карактеристики, како и влијанието на интеракцијата меѓу генотипот и условите на средината врз својствата на генотипот. Опсен и шематски приказ на методите на полски опити во селекцијата е даден во поглавјето четиринаесет. Во останатите четири поглавја детално е обработена проблематиката од областа на семепроизводството, започнувајќи од ширењето на сортите во производството, спроведувањето на стручната контрола на семенските посеви, при што се опфатени и нормите за признавање на истите, па сè до доработката и чувањето на семето. Последното поглавје претставува сеопфатен приказ на методите кои се применуваат за испитување на квалитетот на семето и нормите кои треба да ги исполнува семето во зависност од видот и категоријата. На крајот од ракописот авторот наведува 14 наслови на литература кои се користени при пишувањето на скриптата.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од гореизнесеното, Комисијата во состав проф. д-р Верица Илиева и доц. д-р Милан Георгиевски, констатира дека ракописот за скриптата „Селекција и семепроизводство" пријавен од авторот доц. д-р Драгица Спасова е напишан според програмската содржина на предметот за кој е наменет и ќе биде од корист на студентите за совладување на наставните содржини од истиот предмет. Врз основа на напред иснесеното, Комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет да го прифати рецензираниот ракопис за скриптата „Селекција и семепроизводство" од авторот доц. д-р Драгица Спасова и да го одобри за користење како интерна скрипта, како и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, соодветно издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Верица Илиева, редовен професор, с.р.**
**Д-р Милан Георгиевски, доцент, с.р.**